**ЗАПИСНИК**
**од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.07.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Забелешка: г-ѓа Машовиќ која се наоѓа на годишен одмор во странство се приклучи на седницата, но поради технички проблем со видео конекцијата беше присутна само преку аудио врска.

Советот на Агенцијата, едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска), го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 19.07.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.07.2022 година.
3. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 53 ставови 5 и 17 од ЗААВМУ.
4. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 53 ставови 5 и 17 од ЗААВМУ.
5. Информација за потребата од измена на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади, Скопје, согласно мислењето од Секретаријатот за законодавство, со Предлог-одлука.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) го усвои Записникот од првото продолжение на 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 19.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) го усвои Записникот од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 3 и 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлозите за поведување прекршочна постапка против ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 53 ставови 5 и 17 од ЗААВМУ, предложи за двете точки да се даде заедничко образложение од директорот или службата поради тоа што се со иста тематика и имаат исто прекршување на член од Законот, додека гласањето да биде за секоја точка посебно.

Г-дин Трајчевски објасни дека раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска ќе даде образложение за точките. Во врска со спроведените надзори кои претходно беа вонредни, а сега контролни врз ТВ Канал 5 и ТВ Сител се по барање од Агенција за храна и ветеринарство, заради заштита на интересите на потрошувачите бидејќи се емитуваат реклами кои не ги одразуваат карактеристиките на производите кои се рекламираат.

Раководителката Љубевска објасни дека во март 2022 година е направен надзор на програмата на ТВ Канал 5 и ТВ Сител по известувањето добиено од Агенцијата за храна и ветеринарство и тогаш е констатирано дека има прекршување при што Советот им изрече мерка јавна опомена. На 20 јули 2022 година повторно е направен надзор на програмата на двата радиодифузери при што е опфатен периодот од 21 и 26 април 2022 година за да се провери дали постапиле по изречената мерка јавна опомена, односно дали го отстраниле прекршувањето на член 53 ставови 5 и 17 од ЗААВМУ кој утврдува забрана за лажно претставување на производи и услуги и за невистинити и нечесни аудиовизуелни комерцијални комуникации. Со надзорот е констатирано дека двата радиодифузери не постапиле по ова Решение односно дека на нивната програма се емитувани телешопинг спотови за „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули“ и „Алерго Протект - 500 мл.“, од операторот со храна „Натура терапи“ ДООЕЛ Скопје. Констатациите од овој Извештај се базирани од стручната анализа врз изјавите кои се употребени во аудиовизуелни комерцијални комуникации регистрирани со мониторингот на АВМУ, а кое што е изработено од Агенцијата за храна и ветеринарство како надлежен орган за вршење на работите од областа на безбедност на храна и тоа е во рамките на Меморандумот за соработка кој што АВМУ го има склучено со оваа

институција. Имајќи го ова предвид, се предлага Советот да донесе предлог за поведување прекршочна постапка за двата радиодифузери.

Г-дин Петрушевски предложи да има заедничка дискусија за двете прекршувања на радиодифузерите. Рече дека минатиот пат имаше дискусија за ТВ Канал 5 и притоа имаше реакции и од нивниот директор. Се надевале дека ова ќе се реши во позитивна насока но очигледно е дека радиодифузерите не постапиле согласно Законот.

Г-дин Трајчевски објасни дека прекршувањето односно мерката што е изречена на една од претходните седници јавна опомена на ТВ Канал 5 не е поврзана со ова прекршување бидејќи тогаш беше по друг член од ЗААВМУ. Сега станува збор за контролен надзор за мерка јавна опомена која е изречена уште во месец март 2022 година, а дописите со Агенција за храна и ветеринарство датираат од втората половина на минатата година. Сега се јавува истиот огласувач но не станува збор за прекршување на исти одредби од Законот.

Г-дин Петрушевски рече дека има многу сличности во двата случаи и затоа така реагирал.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-2887/1 од 20.07.2022 година на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ.

Советот едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) заклучи против ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека на 21 и 26 април 2022 година, се емитувани телешопинг спотови за „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули" и „Алерго Протект - 500 мл.", од операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-2875/1 од 20.07.2022 година на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ.

Советот едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) заклучи против ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека на 21 и 26 април 2022 година, се емитувани телешопинг спотови за „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули" и „Алерго Протект - 500 мл.", од операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

Г-дин Петрушевски уште еднаш појасни како што навел и директорот дека ова е по барање на Агенција за храна и ветеринарство и понатаму постапката ќе продолжи согласно Законот.

**Точка 5**

Раководителката Љубевска ја образложи Информацијата за потребата од измена на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади, Скопје,. согласно мислењето од Секретаријатот за законодавство. Објасни дека Советот на Агенцијата на 27-та седница која се одржа на 19.07.2022 година донесе Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади, Скопје, по што таа е доставена до Владата на РСМ. Согласно Деловникот на Владата, материјалот е доставен до надлежните институции да дадат свое мислење, во овој случај до Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство. Од Министерството за финансии немаа забелешки, додека од Секретаријатот за законодавство имаше забелешки кои беа од правно-техничка природа, поточно забелешките беа дека во член 2 и 3 од Предлог-одлуката во насловот треба да се наведе точниот назив на институцијата односно недостасуваше зборот „Скопје“ кој сега е додаден и дека треба да се изврши правно-техничко подобрување на текстот на одлуката, односно колоните кои што претходно гласеа „Име на бренд“ и „Модел“ сега се споени во една колона и таа гласи „Опис на движните ствари“. Потоа колоната „Сметководствена вредност“ изостанува и наместо неа има колона која гласи „Количина (парче)“ и која соодветно е пополнета. Објасни дека имаше уште неколку технички корекции кои беа од граматичка природа и наведе дека откако Советот ќе ја донесе Предлог-одлуката таа повторно ќе се достави на разгледување до Владата.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) ја прифати Информацијата за потребата од измена на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади, Скопје, согласно мислењето од Секретаријатот за законодавство, бр.03-2949/1 од 26.07.2022 година.

Усогласената Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади, Скопје, со текст како што беше предложена да се достави до Владата на Република Северна Македонија.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) ја прифати Информацијата за потребата од измена на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади, Скопје, согласно мислењето од Секретаријатот за законодавство, бр.03-2949/1 од 26.07.2022 година.

Усогласената Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади, Скопје, со

текст како што беше предложена да се достави до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2933/5

29.07 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**